РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 17-289/4
05.04. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09, 115/10, 51/11, 17/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ на 17 седница одржана на 26.02.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усогласување и акредитација на студиските програми на Факултетот за психологија при Меѓународен Славјански универзитет „Г.Р Државин" - Св. Николе

1.Се акредитираат усогласените студиски програми со Законот за високото образование од прв и втор циклус студии на Факултетот за психологија при Меѓународен Славјански универзитет „Г.Р Државин" - Св. Николе, и тоа:

- Психологија, прв циклус четиригодишни студии;
- Психологија - Клиничка и советодавна психологија, втор циклус едногодишни и двегодишни магистерски студии;
- Психологија - Психологија во социјална заштита, втор циклус едногодишни и двегодишни магистерски студии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за психологија при Меѓународен Славјански институт „Г.Р Државин" - Св. Николе, кој со Решение бр.17-391/3 од 10.01.2013 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, се трансформира во Меѓународен Славјански универзитет „Г.Р. Државин" - Св. Николе, по претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми од прв циклус студии согласно измените во Законот за високото образование, на 03.09.2012 година, до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование достави елаборати со предлози за акредитација на студиски програми од точка 1 на ова решение.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на својата 12 седница одржана на 12.09.2012 година формира експертска комисија за оценка на доставените предлози, а на својата 17. седница одржана на 26.02.2013 година, врз основа на доставените елаборати и извештај на експертската комисија, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски